РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 09-5125/2
21.12.2007 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 20 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## За начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци – Локална самоуправа

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци-Локална самоуправа.

### Член 2

Градоначалникот на Општина Кавадарци издава писмено овластување за користење на Верна картичка за набавка на гориво за моторно возило на Општина Кавадарци.

Верна картичката има право да ја користи исклучиво лицето за кое има издадено писмено овластување од страна на Градоначалникот ( во понатамошниот текст: овластено лице).

### Член 3

Верна картичката се подига од вработеното лице во општината кое е задолжено од Градоначалникот за да подига верна картички од набавувачот на гориво во име на Општината.

### Член 4

При секоја набавка на гориво и изготвување на фискална сметка, овластеното лице од член 2 на оваа Одлука е должен да побара од продавачот да се внесат следните податоци: марка на

возилото, регистарски број, корисник, лице задолжено за возилото и состојбата на километражата.

Овластеното лице е должен фискалната сметка да ја потпише и приложи кон Верна картичката при раздолжување.

Член 5

Овластеното лице за управување на моторното возило задолжително води месечен патен налог за користење на службеното возило, во кој треба да се внесат следните податоци: марка на возилото, почетна состојба на километража, регистарски број, корисник, лице задолжено за возилото, возна релација.

Член 6

Овластеното лице за управување на моторното возило задолжително води дневна евиденција за изминати километри со службеното возило:

- Се води за секое службено излегување со потпис на корисникот на службеното возило;
- Корисникот на службеното возило ја запишува моменталната (крајна километража).

Возило со неисправен километарсаат не смее да се употребува и сметките за гориво на такво возило не претставуваат обврска за плаќање на Општината.

Член 7

При раздолжување овластеното лице од член 2 на оваа Одлука ги приложува фискалните сметки, евидентниот лист за изминати километри и патните налози за користење на службеното возило.

Целокупната документација се доставува до Секторот за финансии, кој, доколку е целосна и исправна ја ликвидира и ја доставува до Градоначалникот на Општината на одобрување за плаќање, а во спротивно ја враќа на докомплетирање.

Член 8

Средствата за користење на Верна картичка за набавка на гориво се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма ЕО Општинска администрација.

Член 9

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци-Локална самоуправа бр.08-1283/1 од 05.05.2008 година.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
М-р Митко Јанчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-ОПШТИНА КАВАДАРЦИ